Врз основа на член 41-а алинеја 4 и член 44-б став 3 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05 и 103/08), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

**Одлука за**
**за формата и содржината на Иницијативата за вршење на инспекциски надзор**

Член 1

Со оваа одлука се пропишува формата и содржината на Иницијативата за вршење на инспекциски надзор (Прилог 1).

Прилогот од став 1 на овој член е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формата и содржината на Барањето за вршење на инспекциски надзор бр. 02-396/1 од 20.03.2009 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Бр. 02-850/1
21.07.2009 година
Скопје

**Директор,**
**Маријана Марушиќ**

Република Македонија
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ